

The Imperial eagle has for centuries been considered a sacred bird, because our ancestors had thought that it drives away storm clouds and saves the crops. Even today it is believed in some parts of Macedonia that killing or harming an Imperial eagle will bring serious disaster upon people.

There are many reasons for the drastic reduction of the species, but the mass-scale killing of raptors in the 1950-1970s period of the twentieth century, habitat change and intensive agriculture are among the main causes leading to the reduction and disappearance of the wild animals upon which the Imperial eagle feeds. Improper use of pesticides in agriculture, illegal poison baiting and poaching still cause the death of many eagles. Satellite tracking of juvenile Imperial eagles prove that a substantial number of the young birds die from electrocution, when attempting to perch on power grid poles. During the winter, when finding food is hardest for the eagles, NCA-AQUILA volunteers provide food in designated areas. This reduces significantly the danger of poisoning, because in such times of scarce food, the Imperial eagles will feed on the carcasses of dead animals which may be poisoned, which is illegal and is a frequent cause of death for the endangered Imperial eagles.

## КАКО МОЖЕТЕ ДА ПОМОГНЕТЕ ЗА СПАСУВАЊЕ НА ЦАРСКИОТ ОРЕЛ ?

- Ако се вклучите како доброволец во различни иницијативи и теренски активности - чување на гнезда, поставување на вештачки гнездечки платформи, учество во активности за мониторинг и др.
- Ако учествувате во информирањето на локалното население за придобивките од зачувувањето и заканите пред кои е исправена заштитата на природата на Македонија .
- Доколку сте заинтересирани да ни се придружите, или ако имате било какви информации за царските орли, контактирајте не на електронската пошта nca.aquila@gmail.com или на телефоните: 075 541 080 I 072 250 597]

## HOW YOU CAN HELP RESCUE THE IMPERIAL EAGLE ?

- Being involved as a volunteer in various initiatives and outreach activities - keeping the nests , placing artificial nesting platforms , participation in monitoring activities and more.
- If you participate in informing the local population about the benefits of conservation and nature protection.
- If you are interested to join us , or if you have any information about imperial eagles , contact us at e-mail: nca.aquila@gmail.com or telephone: +389(0)75 541 080 and +389(0)72 250 597



# ПРОЕКТ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЦАРСКИОТ ОРЕЛ (*Aquila heliaca*) ВО МАКЕДОНИЈА

Conservation of Imperial Eagle (*Aquila heliaca*) in Macedonia

The Rufford Foundation www.rufford.org

aquila nature conservation association Kavadarci - Macedonia

Царскиот орел (*Aquila heliaca*) е голема птица од видот птици грабливки која се гнезди од југоисточна Европа до западна и централна Азија. Поголемиот дел од популацијата е миграторна и зимува во североисточна Африка, и јужна и источна Азија. Заради релативно малата глобална популација, 2500-9000 возрасни единки, се смета за „Чувствителен" вид според класификацијата на Меѓународната унија за заштита на природата, и популацијата му се намалува во целиот свет. Во минатото царскиот орел бил широко распространет во Македонија, а денес се останати само триесетина двојки.

Со векови царскиот орел е почитуван како света птица, бидејќи нашите предци сметале дека ги води градоносните облаци подалеку од неговите гнезда, кои често пати се во близина на обработливи површини, и на тој начин ја спасува и жетвата.



И до денес во некои краеви на Македонија луѓето веруваат дека ако царскиот орел биде убиен или му се напакости, сторителите може да ги снајде голема неволја.

Во последните неколку децении човековото влијание врз природната средина на дивите птици се покажа исклучително штетно и доведе до деградација на местата каде тие се гнездат и хранат, што резултираше со големо намалување на нивниот број и целосно исчезнување од некои области каде се среќавале во минатото.

Причините за драстичното намалување на царските орли се многу, но меѓу главните се масовното убивање на грабливи птици во 1950-1970-тите години на дваесеттиот век, промената на живеалиштата и развојот на интензивно земјоделство, кое доведе до намалување и исчезнување на дивите животни, кои служат како храна на царскиот орел. Несоодветна употреба на пестициди во земјоделството, нелегалното користење на отровни мамки и криволовот сѐуште се причина за смртта на многу орли. Во последните години се откри и уште една закана за царскиот орел, за која до неодамна немаше докази. Преку сателитско следење на царски орли се докажа дека значителен дел од младите гинат како резултат на струен удар, при обид да слетаат на столбови од средннапонска и нисконапонска електрична мрежа .






## ДАЛИ СОСТОЈБАТА МОЖЕ ДА СЕ ПРОМЕНИ И ДАЛИ ЦАРСКИТЕ ОРЛИ МОЖАТ ДА БИДАТ СПАСЕНИ? ТОА ЗАВИСИ ОД СИТЕ НАС.

Во текот на зимските месеци, кога пронаоѓањето храна е најтешко за орлите, волонтери на Здружението за заштита на природата АКВИЛА доставуваат храна во одредени области со најгуста популација на орли на таканаречени „хранилишта за мршојадни видови птици". Ова значително ја намалува опасноста од труење, бидејќи во времиња на недостаток од храна, царските орли неретко се хранат со трупови на мртви животни кои пак можат да бидат затруени со цел да се убијат земните предатори (лисици, шакали, волци, диви мачки итн), а што е нелегална практика и честа причина за смртта на загрозените царски орли. Веќе се регистрирани неколку вакви случаи во текот на последните неколку години. Некои парови на царски орли се хранат на хранилиштата во текот на пролетта и летото, и така го подобруваат нивниот успех во гнездењето, односно повеќе млади птици успешно ги напуштаат гнездата.